# Leniency Програма

*Понудена од:* Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК)



## Зошто Комисија за заштита на конкуренцијата?

Во теоријата на слободниот пазар, конкуренцијата создава (1) мотив за профит и стимулации за подобрување и воведување нови, поквалитетни, стоки и услуги со пониски трошоци и услуги и (2) саморегулиран пазар.

Во пракса, истиот мотив за профит може да создаде нееднаквости и нарушувања на фер конкуренцијата во форма на обиди за манипулирање на пазарот што доведува до повисоки цени и понизок квалитет на стоките и услугите и, на крајот, ако не се контролира, до компромис на ниво на целата економија.

Потенцијалот за таква манипулација создава, пак, потреба од (1) правна заштита за сите учесници и право за поднесување жалби, како и (2) за постоење на орган овластен да спроведува истраги и да донесува одлуки за наводни прекршувања на слободниот пазар.

Како што сугерира Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД), добро дизајнираното законодавство за конкуренција, ефективно спроведување и економската реформа заснована на конкуренција ја промовираат благосостојбата на потрошувачите и економскиот раст истовремено правејќи ги пазарите пофлексибилни и иновативни[1].

Во Република Северна Македонија, Законот за заштита на конкуренцијата ја предвидува оваа правна заштита, како и независна Комисија за заштита на конкуренцијата (член 26) со надлежност да ја следи слободната и правична размена на стоки и услуги, да спроведува истраги, да носи решенија и да изрекува парични казни за прекршоци врз основа на нејзините наоди.

## Што е прекршување на законот за заштита на конкуренцијата?

На пазарот за стоки и услуги што постојано се менува, заштитата на конкуренцијата бара будно, компетентно и континуирано следење на економската активност во речиси секој сектор од економијата. Од уредбите, насоките, решенијата на КЗК, дадените мислења, како и пресудите на судовите може да се видат деталите за тоа што претставува антиконкурентско однесување, обемот на завршените предмети како и износот на платените глоби од страна на оние за кои е утврдено дека го прекршиле Законот.

И покрај фактот што повеќето учесници на пазарот доброволно го почитуваат законот, а казните и кривичното гонење ги одвраќаат другите од непочитување, прекршителите ќе продолжат со обидите свесно и измамнички да манипулираат со пазарот во своја полза, поставувајќи го прашањето „Што е ограничување на конкуренцијата? ”

Законот за заштита на конкуренцијата забранува ограничувачки практики и договори, премолчени како и експлицитни, кои ја нарушуваат или ограничуваат конкуренцијата од страна на „картел“ дефиниран како два или повеќе бизниси кои ги координираат активностите и споделуваат конкурентни податоци на штета на конкурентите кои не се учесници“. „Неповолност“ може да значи директно или индиректно фиксирање на цените или дискриминирачки цени, ограничувања на производството, пазарниот удел или понуда, ограничување на техничкиот развој или инвестиции.

Сепак, различни подзаконски акти изземаат одредени договори од причина што тие не ја ограничуваат или нарушуваат конкуренцијата. Ова вклучува ексклузивно право на купување и франшиза, одредени договори за истражување и развој, договори за специјализација; договори за трансфер на технологија, лиценци и know-how; дистрибуција и сервисирање на моторни возила; и одредени договори во осигурителниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 41/12, 42/12 и 44/12).

---

[1] https://www.oecd.org/competition/

## Како КЗК се осигурува дека учесниците на пазарот се однесуваат согласно со принципите на слободниот пазар?

КЗК ги штити учесниците на пазарот од ограничувачки практики преку координирана програма за **одвраќање, откривање, надзор, инспекција, поттикнување и спроведување.**

**Одвраќање** Доколку учесниците на пазарот се информирани и запознаени со одлуките на КЗК, владините уредби, објавените насоки и донесените решенија, тие доброволно се усогласуваат со истите, односно „се регулираат".

**Откривање** Имајќи предвид дека сите учесници на пазарот ќе сакаат да ја заштитат својата конкурентска предност, секој од нив исто така станува потенцијален тужител, а со тоа, де факто, и овозможува на КЗК за да ги идентификува неправилностите буквално низ целата економија.

**Надзор** КЗК континуирано ги следи и проценува пазарните податоци за неправилности или нарушувања кои укажуваат на манипулација спротивно на принципите на слободната и ефикасна конкуренција.

**Инспекција** Во случај на документирано, „оправдано сомневање" дека претпријатието се однесува спротивно на Законот, КЗК има право да прибави докази на лице место од деловните простории и да одземе документи со цел утврдување на постоење на прекршок.

**Поттикнување** Доколку претпријатието веќе е дел од картел, КЗК нуди поттик „биди прв" да го пријави, во строга доверливост, учеството во прекршокот и целосно да соработува во истрагата на КЗК во замена за ослободување или намалување на глобата.

**Спроведување** Доколку доказите доставени од тужителите или прибавени во текот на постапката докажуваат дека е прекршен Законот, постапките пред КЗК завршуваат со изрекување глоба како што е предвидено со Законот.

## Зошто Leniency програма?

Leniency програма на КЗК ефикасно функционира и како „радар за прекршоци", да ја предупреди КЗК за постоење на картели и како заштита од формирање на нови картели. Членовите на картелот веќе знаат дека ризикуваат да бидат откриени од страна на конкурентите кои не се учесници, кои се во понеповолна положба поради однесувањето на картелот, од надзорот на пазарот кој го врши КЗК, како и со ненајавено прибавување на докази на лице место. Членовите на картелот, исто така, ризикуваат откривање од членот на картелот кој прв ја избира како ексклузивно право понудата на Leniency програма за ослободување или намалување на глобата со тоа што ќе го пријави постоењето на картелот и целосно ќе соработува со КЗК и со идентификување на други членови на картелот кои остануваат целосно одговорни за тие прекршувања согласно Законот.

## Кои се потенцијалните санкции за учество во картел?

Износите на глобата изречени за активности поврзани со картел може да варираат поради повеќе фактори, вклучувајќи ја тежината и времетраењето на прекршокот и други отежнителни и олеснителни околности. Основната глоба по правило[2] варира до 30 отсто од приходот остварен на релевантниот пазар за последната година на прекршокот помножен со бројот на години на траење на прекршокот. Овие износи може да се намалат врз основа на доказ дека членот на картелот престанал со активно учество пред КЗК да поведе соодветна прекршочна постапка или дека, додека бил член на картелот, неговото учество во прекршокот било минимално.

---

[2] Член 64 од законот за заштита на конкуренцијата

Спротивно на тоа, износите може значително да се зголемат доколку членот на картелот продолжи да учествува во прекршокот, КЗК може да ја зголеми основната глоба до 100 проценти. Слично на тоа, ако членот на картелот одбие да соработува или ја попречува КЗК во спроведување на постапки, ги поттикнува другите членови да прават прекршоци или презема одмазднички дејствија против други членови на картелот за да ги принуди да преземаат дејствија што претставуваат прекршок. КЗК, може да ја зголеми глобата пропорционално на незаконскиот приход стекнат од член на картелот така што глобата ќе го надмине износот на незаконската добивка.

Законот предвидува и забрана за вршење на  дејност од три до 30 дена[3].

## Кои се упатствата за Leniency програмата?

**Имунитет** КЗК ќе определи ослободување од глоба на член на картелот („претпријатие“) за кој членот инаку би бил одговорен[4] доколку прв  го пријави прекршокот и кој

- Обезбедил докази доволни за КЗК да оправда и спроведе „прибавување на докази на лице место“ и потоа или да поведе прекршочна постапка против членовите на картелот или да ја заврши поведената прекршочна постапка со решение со кое се утврдува постоење на прекршок
- Целосно и континуирано соработува со КЗК
- Не принудил друг член да учествува во картелска активност.

Доколку доказите докажуваат дека членот принудил член кој не сакал да учествува во картелот, да учествува во истиот, членот виновен за принудата ќе има право само на намалување на глоба, но не и на ослободување од глоба

**Намалување на глоба.** КЗК може да ја намали глобата до 50 проценти за член на картелот кој не се квалификува за ослободување од глоба, но кој

- Доставил до КЗК дополнителни докази што даваат значителен придонес во документирањето на прекршокот
- Целосно и континуирано соработува со КЗК

Клучен критериум за одредување на процентот ќе биде додадената вредност од доказите што ги обезбедува членот на картелот. Ова генерално, пак, ќе биде функција на време, што значи фазата во која членот на картелот се пријавува, доказите што веќе ги поседува КЗК и доказната вредност на обезбедените докази. КЗК, исто така, ќе го земе предвид како фактор и целокупното ниво на соработка на подносителот на барањето.

**Соработка.** Подносителот на барањето мора да ги исполнува следните услови за да се квалификуваат за ослободување од или за намалување на глобата:

- Да и помогне на КЗК во напорите за откривање и истражување на однесувањето на картелот
- Веднаш да го прекине  прекршокот, освен кога тоа е неопходно според КЗК за да се зачува интегритетот на прибавување на докази на лице место (на пример, за да се заштити елементот на изненадување на кое било претстојно прибавување на докази на лице место)
- Да ги достави до КЗК сите релевантни информации и докази што ги поседува
- да обезбеди пристап до сегашните и поранешните вработени за интервјуа или подготовка на изјави од сведоци

[3] Член 63 од Законот за заштита на конкуренцијата

[4] Член 65 од Законот за заштита на конкуренцијата и Уредбата за поблиските услови за ослободување или намалување на глобата и постапката по која Комисијата за одлучување по прекршок одлучува за ослободување или намалување на глоба

- Да ги наведе имињата на сите вработени вклучени во картелот (вклучувајќи ги и поранешните вработени), од кои потоа ќе се бара да дадат информации и докази, целосно и на континуирана основа ќе соработуваат со овластените лица на КЗК
- Е согласен да ја извести КЗК за какви било проблеми со исполнување на роковите или барањата на КЗК
- Е согласен да не го открива постоењето и содржината на барањето за leniency додека КЗК не издаде прелиминарно известување, освен ако поинаку не е договорено со КЗК
- Е согласен да не уништува, фалсификува или прикрива релевантни информации или докази

Подносителите на барањето кои нема да ги исполнат овие услови во кое било време во текот на постапката или последователните постапки до донесување на решение ризикуваат отповикување на нивниот статус за добивање на ослободување од или намалување на глоба.

**Пред поднесување на барање.** КЗК ги охрабрува членовите на картелот или поединците кои размислуваат за да поднесат барање за ослободување или намалување на глоба да пристапат кон КЗК за инструкции. Подносителите или нивните правни застапници може да ја посетат или да се јават во КЗК и да побараат да разговараат со одговорно лице.

Поединци кои сакаат да останат анонимни можат да се јават во КЗК на +389 2 3298 666 од 9:30 до 15:30 часот, од понеделник до петок. КЗК ќе ја почитува оваа доверливост и ќе одговара на прашања во генерален контекст. КЗК нема да ги користи информациите дадени како последица на барањето за која било друга цел. Во случај да не се даде намалување или ослободување од глоба, КЗК нема да се обиде да го утврди идентитетот на претпријатието.

**Поднесување** на барање Оние членови на картелот или поединци кои ќе одлучат да поднесат барање, може да го сторат тоа

- Лично во архивата на Комисијата за заштита на конкуренцијата
- На е-маил адреса – **kzk@kzk.gov.mk**
- На адреса со препорачана пошта Св. Кирил и Методиј 54 (кат 6), 1000 Скопје, Република Северна Македонија, притоа задржувајќи потврда со забележено време и датум заради евиденција

За барања доставени преку е-пошта, оригиналното барање мора да се достави до КЗК во рок од три дена.

За прашања во врска со програмата или процесот на поднесување на барање, членовите на картелот или поединци може да се јават во КЗК на +38 9 2 3298 666 од 9:30 до 15:30 часот во работните денови.

**Потврда.** КЗК  за поднесување на барање само бара од подносителите да обезбедат разумна, фактичка основа за сомневање за картелска активност и вистинска намера да го признаат погрешното постапување за да поднесат барање за leniency. Со оглед на потенцијалот и други членови на картелот или поединци да поднесат барање, подносителите на барањето  имаат очигледен поттик да ја известат КЗК колку што е можно порано. КЗК не прифаќа никакви заеднички апликации од членови на картелот или поединци кои учествуваат во истиот картел.

**Хиерархија** Откако член на картелот или поединец ќе ја извести КЗК за нивната намера да поднесат барање за ослободување од или намалување на глоба КЗК веднаш го евидентира времето и редоследот на барањето во однос на другите примени  барања и потоа издава потврда на подносителот со која се потврдува датумот и времето на прием[5]. Потврдата го штити местото на подносителот на барањето во редот во однос на другите подносители и го означува крајниот рок за поднесување на барањето.

[5] Член 8 и 12 од Уредбата за поблиските услови за ослободување или намалување на глобата и постапката по која Комисијата за одлучување по прекршок одлучува за ослободување или намалување на глоба

**Доколку** првиот подносител на барање го пропушти крајниот рок за поднесување или по прифаќањето ги прекрши условите кои треба да ги исполни за да добие ослободување или намалување од глоба, се квалификува следниот подносител.

**Поднесување** КЗК бара барањето за ослободување од глоба да биде согласно член 3 од Уредбата, со која е уредено поднесувањето на изјава на претпријатието. КЗК не спроведува никаква проценка на наводните картелски активности пред да го разгледа барањето.

**Усни изјави** КЗК исто така прифаќа усни барања во работните денови од 9:30 до 15:30 часот и ќе ги разгледува барањата по вообичаеното работно време врз основа на претходен договор и кога околностите налагаат. Подносителите на барањето треба да го закажат својот термин 24 часа однапред и да ги наведат имињата на лицата кои ќе присуствуваат и да го проценат времето потребно за нивните изјави.

Усните изјави на претпријатието треба да ги опишат наводните картелски активности со јасни, фактички, детални, прецизни и релевантни термини, како и да дадат релевантни деловни тајни или други доверливи информации[6]. КЗК бара другите информации како што е опис на производот и пазарот, општите информации за пазарот и сите јавно достапни информации да се достават во писмена форма како прилог на изјавата. Подносителите на барање кои нема да ги следат упатствата на КЗК за усни изјави може да очекуваат да го повторат процесот додека не ги исполнат овие барања.

**Статус** „прв апликант" кој нема да ги исполни своите обврски, особено обврската за соработка, статусот на приоритет пропаѓа и сите други подносители на барање се подигнуваат нагоре во редот.

**Потврда.** Доколку условите за имунитет се исполнети, КЗК писмено го информира барателот[7].

**Увид во предметот.** КЗК по барање на странките во постапката ќе одобри увид во корпоративната изјава.

## Која е придобивката од Leniency програмата за лицата што не го прекршиле Законот?

Придобивките од Leniency програмата се акумулираат на поширокото пазарно работење и на оние што не се прекршители, преку поттик кој наградува еден член на картелот за да ги открие другите учесници во картелот кои ќе плаќаат значителни глоби, што на крајот ќе доведе до распаѓање на картелот. На тој начин, Leniency програмата промовира сомнеж меѓу учесниците во картелот и делува како уште еден фактор на одвраќање за оние кои инаку би можеле да сметаат дека се исплати ризикот од прекршување на Законот.

За прашања, Ве молиме контактирајте:

Комисија за заштита на конкуренцијата
Св. Кирил и Методиј 54 (6 кат)
1000 Скопје Република Северна Македонија
+38 9 2 3298 666
kzk@kzk.gov.mk

*Објавено: мај 2023*

[6] Доколку изјавата содржи деловни тајни тоа треба да биде јасно наведено од страна на подносителот, согласно член 57 од Законот за заштита на конкуренцијата

[7] Член 9 и 13 од Уредбата за поблиските услови за ослободување или намалување на глобата и постапката по која Комисијата за одлучување по прекршок одлучува за ослободување или намалување на глоба

# ЧЕКОРИТЕ НА LENIENCY ПРОГРАМАТА

| | |
|---|---|
| **ПРЕД ПРИСТАПУВАЊЕ** | • Апликантот ја известува КЗК за намерата |
| **ПРИСТАПУВАЊЕ** | • Опции:<br>  • Лично<br>  • Преку електронска пошта<br>  • Преку испратена пошта |
| **ПОДНЕСУВАЊЕ** | • Апликантот<br>  • Прави вербална изјава *(опционално)*<br>  • Поднесува изјава од компанијата<br>• КЗК<br>  • Издава потврда со време, датум<br>  • Воспоставува статус на Апликантот |
| **ЕВАЛУАЦИЈА** | • Апликантот соработува<br>• Апликантот ги исполнува обврските<br>• КЗК спроведува проценка |
| **ПОТВРДА** | • КЗК носи одлука |

КОМИСИЈА
ЗА ЗАШТИТА
НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

© 2023 Сите права задржани - Комисија за заштита на конкуренцијата